UDK 27-87.56
Прегледна научна статија

# Концептот на ереста во христијанството

**Марија Ташева**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
*e-mail: marijataseva41@yahoo.com*

## АПСТРАКТ

Тргнувајќи од констатацијата дека ересот е карактеристика на монотеистичките религии, се настојува да се најдат аргументи кои ќе го поткрепат ставот дека во рамките на христијанството неговите основи се наоѓаат во тесната поврзаност на религиозната и политичката институција и во постоењето хиерархиска структура која обезбедува механизми за постигнување на нивна внатрешната интеграција и за опстанување на општествениот поредок. Се посочуваат две основни ситуации кои поттикнуваат прогласување на ереси: а) кога политичката заедница е компонирана од групи со различни културни особини, од кои секоја поставува барања за постигнување привилегиран сатус во државата, и б) кога процесот на стратификациско раслојување произвел нови општествени слоеви кои поставуваат свои барања за прераспределба на општествените ресурси во државата, особено барања за прераспределба на моќта. Во овој поглед ереста се јавува како механизам за превенирање на општествената дезинтеграција на заемно поврзаните религиозни и политички тела.

***Клучни зборови:*** *христијанство, ерес, еретик, санкција, правоверност*

## Концептот на ереста

Во екот на опстојувањето на најжестоката нетолеранција во историјата на христијанските општества - во ерата на Реформацијата, кога етикетата еретик му се припишувала на секој неистомисленик, еден од современиците на тој период, Себастиан Кастелио - во настојувањето самиот да си објасни зошто трошење на толку негативна енергија и толкаво пролевање крв околу она што се нарекува ерес, констатирал дека ереста не е ништо повеќе освен несогласување меѓу христијаните околу противречните точки на религијата. Имено, неговите анализи на верските убедувања на лицата етикетирани како еретици му откриле дека тие не се лица за кои со сигурност можеме да кажеме дека грешат, туку само некои со кои не се сложуваме (Загорин, 2003: 112).[i] Преиспитувајќи го значењето на овој поим во текот на историјата, тој, во своето познато дело *Concerning heretics* ќе констатира: „Можам да откријам, не друго, туку дека ние ги гледаме како еретици оние со кои не се сложуваме. Ова е евидентно од фактот што денес одвај да има една од нашите недоброjни секти која останатите не ги гледа како еретични, така што ако вие сте ортодоксен во еден град или регион, сметани сте за еретик во следниот" ( Цит. по: Загорин, 2003: 107).

Но, да се вратиме наназад во религиозната историја. Првиот заклучок што притоа се наметнува е дека ереста е карактаристика главно на монотеистичките религии. Речиси да не постои ерес надвор од јудаизмот, христијанството и исламот. Во јудаизмот ереста се појавила во периодот на макавејството[ii], кога јудејската религиозна заедница се поделила во три секти: садукеи, фарисеи и есени, при што секоја се поставила критички и негаторски во однос на останатите две, а после тоа ереста продолжила да опстојува во етикетирањето на секое учење што отстапува од она што една религиска заедница го оценува како правоверно. Во исламот настанала со поделбата на исламската заедница на сунити и шиити кои веднаш започнале заемно да се исклучуваат како еретични, и продолжува со припишувањето на таквата етикета на многубројните учења што израснуваат во текот на понатамошната исламска историја.

Во христијанството концептот на ереста е присутен во целата негова историја. Како што забележува Каплан „од почетокот христијанството било дистинктивно меѓу религиите по својата тенденција да ги демонизира непријателите, особено еден тип: непријателот во трлото". За првите христијани тој непријател бил Евреинот, додека од вториот век наваму тоа станал еретикот (Каплан, 2007: 35). Сепак, можат да се изделат два периода во кои борбата против ересите е особено интензивна. Првиот го опфаќа периодот на првите неколку векови по настанокот на христијанството, односно периодот кога се кодифицира христијанската догма, каде различните учења произлегуваат од посебните културни примероци на Империјата што се прогласува за христијанска, а статусот еретични го стекнуваат оние што не успеале да добијат поддршка од политичката институција. Вториот се пројавува со првите искри на промената која постепено го обликува модерното општество и трае во периодите именувани како Ренесанса и Реформација, при што новопојавените учења - етикетирани како ереси - се израз на барањата за промена на воспоставената институција на папството и воспоставениот општествен поредок, додека борбата против ересите е борба за нивно одржување.[iii]

Терминот ерес го употребувале уште првите апостоли. Св. Павле и св. Петар го употребувале во значење на учење кое му се спротивставува на правоверното. Така, во Првото послание до Коринтјаните св. Павле рекол: „Да зборувате едно и исто, и помеѓу вас да нема делење, туку да бидете соединети во еден дух и во една мисла" (Кор. 1:10). Иста порака испратил и во Посланието до Римјаните: „Ве молам браќа, пазете се од оние, кои предизвикуваат расцепи и соблазни против учењето, кое сте го научиле и клонете се од нив!" ( Рим. 16:17). Тој терминот еретик го употребил во посланието до Тит: „Бегај од човек еретик, откако еднаш и вторпат го советуваш, знаејќи дека таков човек се изопачил, греши и дека се осудил сам себеси" (Тит. 3:10). За св. Тома, исто така, тоа било учење кое излегувало од луѓе кои се претставуваат дека веруваат во Христа, но кои ја извитоперуваат неговата догма. Ереста, воопшто, во учењата на апостолите, била сфатена како поделби меѓу христијаните предизвикани од пропагирање лажни учења.

Во текот на вториот век, кога христијанството сè уште не било признаено за државна религија, св. Игнатиј од Антиохија констатирал дека постојат отстапувања од правоверното учење кај гностиците - тој пишувал против еретиците и ереста на доцетизмот. Истиот век, епископот Иринеј од Лион објавил текст, насловен *Против сите еретици*, кој бил насочен главно против гносицизмот. Тој зборот еретик го употребува за да ги разграничи раните христијански доктрини (именувани како правоверни) од гностичките учења. За него еретиците биле „агенти на Сатаната", тие не биле само заблудени луѓе туку и олицетворение на гревот. Од тогаш во христијанската теологија еретиците се третираат како отелотворувања на Сатаната.

Во текот на третиот век текстови против еретиците објавувал Тертулијан, кој инаку бил застапник на идејата на религиозна слобода зашто сметал дека верата е внатрешно убедување кое не може да биде произведено со присила. За него еретиците не биле христијани. Во следните два века, четвртиот и петтиот, христијанските мислители откриваат постоење на голем број секти, какви што се: гностици, донатисти, монтанисти, маркионити, монофизити, несторијанци, пелагијанци.

Со проблемот на ереста се занимавал и Августин (354-430), независно од тоа што го делел убедувањето на Тертулијан дека никој не може да присили некого да верува во нешто. Во младоста самиот приврзаник на неколку верски учења, откога го прифатил христијанството тој напишал повеќе дела против еретиците, од кои најмногубројни биле оние против донатизмот.[iv] Притоа, она што особено го преокупирало било прашањето околу употребата на принудни мерки против еретиците. На почетокот тој не ја одобрувал употребата на такви мерки: „Јас не сметам дека било кој треба да биде присилуван на католичко учество против своја волја. Напротив, укажувам дека вистината може да им се открие на сите кои грешат и дека . . со помош на Бога, таа може да се направи очевидна така за да ги наведе сите да ја следат и да ја прифатат со сопствена согласност" ( Цит. по: Загорин, 2003: 27). Дури, тој нагласува дека за еретици не можат да се сметаат оние што ереста ја прифатиле од своите родители или други, и на кои им е потребна подука за да ја сфатат својата грешка. Сепак, тој го сменил

овој став кон крајот на животот, кога препорачувал полесни форми на присила, за да се натераат еретиците да ја слушнат вистината, да размислуваат и да ги преиспитаат своите погледи.

По Августин, во вековите што следат, кога во западниот дел на Римската Империја едно по друго се населуваат пагански народи, а источниот - Византија, е изложена на притисокот од паганските народи од запад и исламските од исток, проблемот на ереста не е толку актуелен. Тој добива во значјност во текот на единаесеттиот и дванаесеттиот век, кога доаѓаат до израз низа ереси: едни, кои претставуваат доктринални отстапувања и се продукт на теолошки и филозофски спекулации и дебати во школите и универзитетите и имаат мал број приврзаници; и други, кои произведуваат движења на радикален религиозен протест против доктрините, богатството, моќта и световните практики на високото свештенство (Загорин, 2003: 35). Заканувачки за црквата биле вторите. Тие започнале да никнуваат од крајот на единаесеттиот век, во различни делови на Европа - во Италија, Франција, Германија, Холандија. Во периодот од дванаесеттиот до петнаесеттиот век некои од нив се стекнале со толкава популарност што претставувале закана за доминацијата со која се имала стекнато католичката црква. Тие главно ги привлекувале мирјаните, но имало случаи да им пристапуваат и монаси и свештеници.[v] Во тринаесеттиот век борбата против еретиците добива залет, а тоа влијае и на детализирањето на самата дефиниција на ереста. Сега како еретик се сметало „секое лице кое криво ги толкува верските обреди на црквата, кое самото се изделува од единството на црквата, или е екскомуницирано, кое греши во изложувањето на Светото писмо, кое измислува или следи нова секта, кое ги разбира параграфите на верата различно од Римската црква, или кое размислува злонамерно за верските обреди на црквата" (Загорин, 2003: 40). Оваа дефиниција едновремено ги одредува и начините за препознавање на еретиците. Во истиот век англискиот теолог Роберт Гросетест (Robert Grosseteste) ја дал следната дефиниција: „Ереста е мислење избрано со човечки способности, спротивно на Светото писмо, отворено мислено и тврдоглаво брането" (исто). Имено, еретиците, за разлика од неверниците кои

го немаат прифатено христијанството, се сфатени како оние кои ја знаат вистината, но избрале да се придржуваат на сопствените фантазии, кои грешат не од незнаење туку од грешен акт на злонамерна волја. Тие се игнорантни во однос на црковното учење и оттаму ова отфрлање на црковниот авторитет ги прави востаници против Бога, против неговите застапници на земјата и дури против нивната сопствена совест.

Ереста добива нов живот од Реформацијата наваму кога католиците и протестантите заемно се обвинуваат за ерес. Протестантите го обвинуваат католицизмот за идолатрија поради обожувањето на сликите и реликтите. Овој им возвраќа дека тие го обожуваат сопственото тело и ги обвинува за „спиритуална идолатрија".

Всушност, полемиката околу ересите во периодот на Реформацијата не отстапува многу од онаа водена во периодот на раното христијанство. И двете страни борбата против ереста ја сфаќаат како видлива димензија на големата космичка борба меѓу Бог против Сатаната. За католиците Лутер бил инспириран од ѓаволот, за хугенотското свештенство католичката црква била „Синагога на Сатаната", за Хесус Сатаната ги водел и калвинистите и језуитите, Оливер Кромвел ги нарекува квекерите и другите нови секти на своето време „ѓаволски". Во барањето етикети за другиот протестантите често го користеле мотивот на Антихрист, апокалиптичната фигура спомената во Откровението на Јован. Така, Мартин Лутер го нарекувал папата Антихрист, а термини позајмени од апокалиптичката теологија употребувале и повеќе англиски протестантски заедници воословувањето на католичкиот Рим. Оттаму и заклучокот на Каплан дека во културата на раниот модернизам нетолеранцијата служела како основен начин луѓето да ја потврдат својата вера и црковна припадност, таа претставувала суштинска потврда на правата побожност, додека нејзиното отсуство можело да предизвика сомнение и казна (Каплан, 2007: 37).

## Спрегата на религиската и политичката моќ во борбата против ересите

Ако ереста е присутна единствено кај монотеистичките религии, тогаш се поставува прашањето што е она што нив ги изделува од останатите и што ја поттикнува нивната потреба да обезбедат единственост во верувањето? Како можен одговор, кој ќе се обидеме да го поткрепиме со историската евиденција, е постоењето на хиерархиска структура која обезбедува механизми за постигнување на внатрешната интеграција на религиозната заедница и за опстанување на нејзиниот поредок. Оваа структура од религиската заедница се пресликува во политичката заедница, двете ги поврзува една со друга во здружен ентитет кој преку инструментите на религиската контрола и инструментите на политичката контрола го обезбедува општественото единство. Притоа, проблемот кој поттикнува прогласување ереси се јавува во следните ситуации: а) кога политичката заедница е компонирана од групи со различни културни особини, од кои секоја поставува барања за постигнување на привилегиран сатус во државата или пак за излегување од неа, и б) кога процесот на стратификациско раслојување произвел нови општествени слоеви кои поставуваат свои барања за прераспределба на општествените ресурси во државата, особено барања за прераспределба на моќта. Во овој поглед ереста се јавува како механизам за превенирање на општествената дезинтеграција на религиозното и политичкото тело кои во својата цврста поврзаност претставуваат единствено тело.

Ако ја следиме историјата на учењата етикетирани како еретични можеме да костатираме дека зачетници на такви учења биле индивидуи кои пропагирале сопствено толкување на светата вистина кое отстапувало од толкувањето дефинирано од религиозната институција официјално признаена од страна на државата. Овие индивидуални толкувања, пак, не би биле прифатени од луѓето доколку не претставувале усогласување на религиозната вистина со дадениот културен контекст, или пак, не го изразувале општото незадоволство од функционирањето на религиозната

институција во даден општествен контекст. Во однос на првото, најдобра илустрација претставува борбата за кодификација на учењето во контекст на Источното царство, каде страни во борбата биле припадниците на хеленската култура и припадниците на културите од азискиот дел на царството. Во однос на второто, нагледен пример е новото толкување на религиозната вистина во периодот пред и за време на Реформацијата, кога многубројните учења кои израснувале од крајот на единаесеттиот век па натаму во следните неколку векови нуделе нов поглед кон социјалната стварност и поттикнувале охрабрување за нејзино менување, при што повеќето од овие учења едновремено биле и социјални движења.

Етикетирањето на отстапувањата како еретични е првиот чекор во оневозможувањето на разнородието кое може да го доведе во прашање единството на заедницата. Вториот чекор е нивното казнување, односно преземањето конкретни мерки за избегнување на дезинтеграцијата. Притоа, главната улога во првиот чекор ја има религиозната институција, додека во вториот чекор тоа е политичката.

Сепак, обезбедувањето на општествена интеграција не е единствениот мотив за борба против ересите. Вториот мотив, не помалку значаен, е стратификациската раслоеност на општествата со монотеистичка религија и можноста на носителите на моќта борбата против ересите да ја употребат како средство за насилно присвојување на ресурсите поседувани од религиозни заедници или поединци. Потврда за тоа се сеприсутните мерки за конфискација на имотите на оние што ќе се прогласат за еретици.[vi]

Следењето на прогоните против ереста како во раната христијанска историја така и во периодот на раниот модернизам откриваат дека секаде каде се случуваат такви прогони постои спрега меѓу религиската и политичката институција. Во оваа спрега црквата го имала местото на интерпретатор на вистината, а државата на обезбедувач на почитувањето на оваа вистина од страна на сите припадници на заедницата. Црквата го наметнувала убедувањето дека постои утврдено тело на религиозна вистина во кое мора да се верува за да се постигне спасение. Црквата била согледана како единствениот чувар на ова тело на вистина и со тоа непослушноста кон

неа била и непослушност кон вистината. Така, согласно со општото мислење, сите што биле надвор од црквата биле осудени на вечно проклетство. Државата, пак, донесувала закони со кои се санкционирале отстапувањата од прифатеното тело на религиозна вистина, зашто, како што забележува Мајендорф, „недостатокот на единство и продолжителните расправии кои ги делеле христијаните едни од други претставувале големо разочарување за императорите, кои религиозното единство го сметале за суштински фактор за добросостојба на државата" (Meyendorff, 1989: 16).

Спрегата меѓу државата и црквата во борбата против ереста јасно може да се согледа во Римската Империја по нејзиното прогласување за христијанска империја. Кога во 313 година христијанството станува државна религија империјата станува прогонувач на паганизмот и ереста. Во овие прогони основната улога им припаѓала на самите императори. Тие ги свикувале соборите на кои се расправало за контроверзите околу божественоста на Христос и Тројството. По Соборот во Никеа (325) Константин издава Едикт кој ги забранува различните ереси. Забраната во прв ред се однесувала на аријанизмот, кој на овој собор бил прогласен за ерес, но таа се протегнувала и на секое учење што отстапувало од усвоеното никејско кредо, како и на паганизмот. Повеќе наследници на Константин биле толерантни кон еретиците, но имало и такви кои преземале насилни акти против нив, како во западниот, така и во источниот дел од Империјата. Така, Максимус, коимператор во западниот дел на Империјата, во 385 година го проколнал и егзекутирал Присцилијан, шпански бискуп, како и четворица негови следбеници (Загорин, 2003: 23). Во источниот дел Теодосиус I (379-395) во 380 година издава Едикт во кој наредува сите негови поданици да ја исповедаат верата која им ја проповедал апостол Петар на Римјаните и да веруваат само во светата Тројца на Таткото, Синот и Светиот Дух. Следбениците на оваа вера тој ги нарекува „католички христијани", додека сите останати еретици, кои се проколнати да страдаат од божјата казна и одмаздата на императорот. На Соборот во Константинопол што го свикува во 381, била потврдена никејската доктрина како вера на црквата. Овој император издал осумнаесет едикти во кои пропишува кои се ереси,

одредува конфискација на црквите и приватните имоти во кои еретиците можеле да богослужат, како и ги лишувал од правото да даруваат или примаат наследство. Во однос на некои ереси одредувал смртна казна. Воведувал прописи и во однос на паганизмот, изрекувајќи забрани на принесување жртви, обожување идоли и сл.

Во 407 година импетаторот Аркадиус ја прогласил ереста за јавен криминал затоа што „престапот кој се прави кон божествената религија ги повредува сите" (Загорин, 2003: 23). Сепак, во тој период смртната казна за еретиците била исклучок. Вистинска нетолеранција кон еретиците се воведува со законите на Јустинијан (528) преку кои „не само што се воспоставува ортодоксното христијанство како единствена религија на државата, туку христијанските епископи стануваат легално одговорни за насилно сузбивање на паганизмот" ( Meyendorff, 1989: 5).

Августин, како што веќе е споменато, на почетокот противник на употребата на сила против еретиците, околу 400-та ја менува оваа своја позиција, кога во еден свој текст ја оправдува интервенцијата на владата против донатистите, наведувајќи дека тие биле виновни за многу свирепости и така ги предизвикувале императорите да изрекуваат казни. Овој свој став го поткрепува со библиската приказна за господарот кој не им дозволил на слугите да го исчистат троскотот од житното поле и така го уништил родот (Матеј, 13: 24-30), односно со објаснувањето дека ако злото не се отстрани на време тоа може да предизвика ненадоместливи штети. Од друга страна, со оглед на тоа што никој не може да биде натеран да стане добар без сопствена волја, тој цени дека стравот од казната ги тера луѓето да ја напуштат грешната доктрина и да ја прифатат вистината. За него најдобриот пат е со помош на учење да се водат луѓето кон вистинското учење, но и стравот не е за занемарување во одредени случаи. Сепак, иако ја прифатил идејата за казнување на еретиците, Августин никогаш не ја одобрувал смртната казна. Во казната тој гледа средство грешните да се вратат на правиот пат, наведувајќи дека гордоста е особина на сите еретици, а стравот од казна може да ја сруши гордоста и така да послужи како средство за преобратување.

Во опсегот на делувањето на католичката црква, она што таа настојувала да го наметне во стремежот да ја одржи својата доминација, било убедувањето дека не е возможно спасение без нејзина посредничка улога, односно дека ереста претставува закана на христијанското единство кое им носи проклетство на оние кои се изделуваат од црквата и се бунтуваат против нејзините учења. Нејзините практични акции, пак, биле насочени не само кон проколнување на отпадниците, туку кон нивно целосно истребување.

Од единаесеттиот век, кога католичката црква постепено излегува од парохијалните рамки во кои опстанувала во периодот на раниот среден век и ја зголемува својата моќ преку поврзување на изделените цркви, како и преку поврзувањето на црквите и манастирите во единствена институција, таа ја прогласува ереста за казниво дело и започнува за неа да егзекутира луѓе.[vii] Дури, на Третиот Латерански собор (1179) била разгледувана можноста за преземање крстоносна војна против албигенеските еретици (катарите), а оваа можност подоцна е спроведена во дело 1209 година од страна на папата Инокентиј III (Makmaners (ред), 2004: 284). Овој папа презел и ред други прогони во однос на валденизијанците[viii] во Франција и Италија и лолардите[ix] во Англија. Тој го свикал Четвртиот Латерански собор во 1215 година, на кој е заклучено дека „има само една универзална црква на верници, надвор од која апсолутно нема спасение“ (Загорин, 2003: 39) и кој презема ред акции против ересите за да се одржи правоверното учење. Овие акции ги поддржува и најголемиот доминикански филозоф Тома Аквински (1225-1274), кој истакнува дека еретиците треба да бидат егзекутирани затоа што нивната вина е поголема од онаа на другите, какви што се измамниците, кои рутински се егзекутираат. Тие се поопасни затоа што влијаат и го расипуваат правоверниот, ширејќи го своето злосторство како општествена болест (Аквински, 1981).

Во земјите на католицизмот се воспоставила практика оние што ќе се прогласат за еретици да им се предадат за казнување на секуларните власти, кои, пак, биле обврзани, доколку сакаат да ѝ припаѓат на заедницата на правоверните, да се заколнат дека ќе се борат да ја истребат секоја ерес што

ќе се појави на теритријата во нивна надлежност. На лицата кои ги прифаќале еретичките учења или нив ги бранеле, покрај екскомуникацијата им се изрекувале повеќе световни казни, како забрана за работа во администрацијата, забрана за сведочење, за давање или примање наследство и сл. Една од најчестите форми на казна било тепањето со стап. Постепено тоа се востановува како постојан дел на католичката догма, а него го прифаќаат и протестантите.

Смртната казна како санкција против еретиците ја вовел германскиот крал Фредерик II во 1224. Непосредно потоа во законите на Сицилија во 1231 била воведена одредба за јавно спалување на клада на еретиците, а овој вид казна набрзо широко се распространува. Таквата казна станала универзална во Франција во периодот на тринаесеттиот век, добивајќи правна регулација во 1270, додека во Англија започнала да се практикува подоцна, кога во 1401 Парламентот изгласал закон за нејзина примена, како реакција на ширењето на движењето на лолардите.

Сепак, независно од тоа што ереста била третирана како криминал од страна на световните закони, таа била пред сè спиритуална вина и оттаму црквата настојувала да изгради своја машинерија за нејзино судење. Врв на оваа машинерија била инквизицијата. Оваа институција се градела постепено, почнувајќи од тринаесеттиот век, за својата кулминација да ја доживее во Шпанија кон крајот на петнаесеттиот. Прво бискупите биле задолжени еднаш до двапати годишно да прошетаат низ својата диецеза за да ги откријат и казнат еретиците. Подоцна, со була на Григориј IX од 1233, казнувањето на еретиците станало одговорност на членовите на Доминиканскиот ред, кои биле обврзани насекаде каде се јавувале такви случаи да ја истражуваат ереста и да им судат на еретиците и нивните бранители и помошници.[x] Постепено оваа практика прераснува во црковна институција која развива свои сопствени процедури за истражување, судење и казнување. Биле развиени повеќе процедури за извлекување признание од оние што се обвинети за ерес (кои вклучувале методи на испитување и методи на физичка тортура), како и различни казни согласно со тежината на престапот, од кои највисока била смртната. Инквизицијата оформува свои седишта во

регионите каде доминирало папството. Нејзината практика ја одобрувал и Тома Аквински, за кого ереста претставувала и закана за општеството и индивидуален грев, па оттаму еретиците не само што заслужуваат да бидат изделени од црквата со екскомуникација, туку треба да бидат и исфрлени од светот преку смртта.

*Инквизицијата од тринаесеттиот век била претходник и модел за инквизицијата што била воспоставена во Шпанија и Италија кон крајот на петнаесеттиот и во текот на шеснаесеттиот век, кога станува универзално верувањето дека ереста е загадување и инфекција што мора да биде отстранета и затоа е исправно еретиците да се казнуваат и убиваат.*

## Ересите и новиот лик на западното христијанство

Во периодот на Реформацијата која ги опфатила земјите на западна Европа, исцртувањето спротивности станал основен елемент на религиската култура. Полемиките на двете страни - протестантските групи и католичката црква биле исполнети со информации кои им се давале на своите за учењата на спротивставените групи. Овие информации биле содржани како во проповедите, така и во печатот. Се развила посебна форма на полемичка проповед - „проповед на контроверзата", која прво се востановила во некои француски градови, како Парис и Лион во 1550-те, била најгласна во првата половина на седумнаесеттиот век, а се одржала до осумнаесеттиот век.

Таквата полемика го разгорувала религиозниот конфликт. Но, таа не била заслуга само на свештенството. Неа ја барало и самото членство, кое, на одредени места, одбивало да оди на богослужба доколку во неа не се говори за противникот. Зашто, доколку не се прекорува папството или други секти, припадниците на протестантските групи имале импресија дека сè уште го имаат стариот католички пастор, и обратно - со критика на протестантите католиците си го потврдувале убедувањето дека тие се оние што останале на правиот пат. Овие полемики се фокусирале на спорните точки на доктрината и практиката, како: улогата на верата и работата во спасението, природата на

литургијата, обожувањето на светците и исправната форма на црковно управување. Знаењето за овие теми, како што забележале католичките полемичари, било поголемо отколку знаењето за десетте божји заповеди или господовата молитва.

Овој религиозен конфликт поттикнува паралелен развој на одделните протестантски заедници, но и на самата католичка заедница која поминува низ процес на реформа именуван како контрареформација или католичка реформација.[xi] Со тоа се менува целото христијанство. Новиот тип на западното христијанство кој произлегува од овој процес, што се протегнува низ шеснаесеттиот и седумнаесеттиот век, е познат како „конфесионален“ (Каплан, 2007: 29).

Самиот термин конфесија не се однесувал на католичкиот сакрамент на каење, туку на тип на документ, на исповед на верата, на изјава за фундаменталните доктрини кон кои се придржува црквата. Таков документ била Аузбуршката конфесија (исповед) од 1530, во која била дефинирана ортодоксијата на Лутер и по него сите цркви започнале да изготвуваат такви документи. И, ако дотогаш населението немало речиси никакво знаење за учењето на својата црква туку верувало во она што ќе им го заповеда свештеникот, сега започнал да расте интересот за учењето, се јавила потреба на членството да ја запознае доктрината на својата црква и да сфати во што таа се разликува од доктрините на другите. Овој процес на упатување на сопствен пристап кон Бога од протестантските цркви се пренесува и на католичката, чии реформатори започнале да поставуваат барања обичното црковно членство да го усвои учењето на својата црква, со што религијата, како што забележува Каплан, станува „верување во посебно кредо, и живот воден во согласност со него“ (Каплан, 2007: 31).

Наведените полемики го поттикнуваат процесот на унификација на учењето како во рамките на протестантските, така и во рамките на католочката црква.

Во рамките на католичката црква овој процес добива нагласка со Собирот во Трент, кога било проколнато сè што е нејасно во протестантизмот, но едновремено биле задушени и движењата во рамките на католицизмот,

како концилијаризмот (кој го нагласува авторитетот на верските собири, а не на папата), номинализмот, кој го поддржувале францисканците и реализмот, поддржуван од доминиканците. Тогаш биле објавени повеќе нормативни текстови кои имале за цел да ги стандардизираат верувањето и практиката во црквата. [xii]

Процесот на унификацијата се одвивал и во рамките на протестантските цркви. Кога калвинистите се состанале во 1568 година за да ги постават основите на своите цркви, тие го нагласиле идеалот дека „Апостол Павле учел дека во Божјата црква сите работи треба да бидат направени добро и со ред" (Каплан, 2007: 43), што, во нивниот случај подразбирало да се учат истите доктрини, да се пеат истите псалми, да се рецитираат истите молитви, црквите да се декорираат слично, да се слават истите неколку празници. Не забранувале извесна варијабилност во ритуалот (дали причеста да се прими седејќи или стоејќи, дали при крстењето детето да се потопи во вода еднаш или трипати), но јасно ги ограничувале можностите за таква варијабилност, тргнувајќи од ставот дека отстапувањата претставуваат прекршување на Божјиот закон, додека униформноста е она што е свето. Кај Лутераните црковните институции соодветствувале со политичките, така што унификацијата се остваувала во рамките на секоја политичка единица.

Унификацијата во доменот на религиозното верување секако имала свои импликации врз процесот на унификацијата во севкупниот културен примерок, што своето целосно отелотворување го достигнува во изградбата на свеста за националната припадност.

## Литература

Akvinski, T. (1981). *Izabrano delo*, Zagreb: Globus.

Dawson, C. (1991). *Religion and the Rise of Western Culture*, New York, London, Toronto, Sidney, Aucland: Image Books Doubleday.

Episkop Atanasije (2002). *Knjige Makavejske*, Vrnjacka banja: Interklima.

Kaplan, Benjamin, J. (2007). *Divided by Fait: Religious Coflict and the Practice of Toleration in Early Modern Europe* (Cambridge, Mass.: The Belknap Press of Harvard University Press.

Lin~, X. (1999). *Istorija srednovekovne crkve,*Beograd, CLIO.

Makmaners, X. (red) (2004). *Oksfordska istorija hrišćanstva I,* Beograd, CLIO.

Meyendorff, J. (1989). *Imperial Unity and Christian Divisions: The Church 450-680 A.D.* (Crestwood, New York, St Vladimir's Seminary Press.

*Свето писмо (Библија)* 2001 Скопје, Свети Архиерејски синод на Македонската православна црква.

Zagorin, Perez (2003). *How the Idea of Religious Toleration Came to the West* (Princeton and Oxford: Princeton University Press.

*Elektronski izvori:*

http://www.newadvent.org/cathen/07256 http://eu.vikipedia.org/viki/catholic_Church
http://en.wikipedia.org/wiki/Donatism http://en.wikipedia.org/wiki/Lollardy
http://en.wikipedia.org/wiki/Waldensians

---

[i] Себастиан Кастелио (1515- 1564) е француски научник и филолог, професор на теолошки колеџи во Женева и Базел, чии многубројни дела придонесуваат да се стекне со репутацијата на хуманистички научник. Особено се пројавил со критиката на смртната казна и погубувањето на Серветус - првата жртва на калвинистичката нетолеранција.

[ii] Макавејскиот период: периодот од 143 - 63 п.н.е., кога, по востанието против Селеуцидите предводено од Матаtијас и неговите синови е основано Второто јудејско царство, кое опстојува до неговото заземање од Римјаните во 63 г. п.н.е. Види: Епископ Атанасије (2002).

[iii] Ако ги прифатиме востановените историски класификации, тогаш првиот период на силна борба против ереста се поклопува со периодот именуван како позно римско доба (од почетокот на христијанството до почетокот на шестиот век, во раниот среден век (500-1050) доаѓа до нејзино стивнување, и таа повторно довива залет во „вистинскиот среден век" (1050-1300) , за да ја доживее својата кулминација во позниот среден век (Линч 1999).
[iv] Донатизмот е движење на Берберите од Северна Африка во текот на четвртиот и петтиот век, кое било реакција на прогоните што ги спроведувал Диоклецијан врз домородното христијанско население (http://en.wikipedia.org/wiki/Donatism).
[v] Едно од таквите движења, што се појавило во дванаесеттиот век, а потекнува од Балканот, биле катарите (или албигенезите), чија дуалистичка концепција на светот е блиска (или претставува оживување) на старата манихејска ерес. Ова движење развило сопствена црковна организација, свештенство, ритуали и учење кои биле во вистинска спротивност на оние на црквата.
[vi] Конфискацијата на имотите како една од мерките за казнување на еретиците била присутна во Византиската Империја, но добива особена нагласеност во земјите во кои се воспоставува инквизицијата, особено во Шпанија, Португалија, Франција и Италија.
[vii] За реформата на католичката црква во текот на единаесеттиоот век види: Дањсон, 1991: 120-140).
[viii] Валдензијанци - религиозно движење, главно лоцирано во северна Италија, кое се протегнувало главно од 12 до 17 век, но кое и денес има свои претставници во Европа, Северна и Јужна Америка (http://en.wikipedia.org/wiki/Valdensians).
[ix] Лоларди било политичко и религиозно движење во Англија во текот на XIV век, предводено од Џон Витклиф, оксфордски теолог, кој бил разрешен од својата функција поради критиката на црквата (http://en.wikipedia.org/wiki/Lollardy).
[x] Две години пред тоа, во 1231, Григориј IX , во булата *Excommunicamus,* објавил општа осуда на ереста, за после да започне да ги издава конкретните задолженија за спроведување на санкциите (Макманерс, 2004: 284).
[xi] Двата термина се употребуваат и синонимно, но и различно, при што, во вториот случај, првиот термин се однесува на реактивниот квалитет, додека вториот на само-возобновувањето.
[xii] Некои од овие текстови се: *Тридентинско исповедање на верата, Тридентински индекс на забранети книги, Романска миса и Романски ритуал.* Соборот во Трент имал дваесет и пет сесии меѓу 1545 и 1563 (Каплан, 2007: 43; 32).